# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 15/2023
## 30.10.2023 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за зимско одржување на просторот на општина Неготино за 2023 година**

Се објавува **Програма за зимско одржување на просторот на општина Неготино за 2023 година** , што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.10.2023** година.

**Бр.09- 788/1**
**30.10.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 34 став 1 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/2008; 52/2009; 114/2009;......71/2016,163/16 Сл.весник на РСМ бр.174/21),член 5 и 12 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012, 163/2013,........ 31/2016 и 64/2018 и Сл.весник на РСМ бр.302/20), член 5,9 и 10 од Законот за јавна чистота (Сл.весник на РМ бр.111/08,64/09......147/15 и 31/16 и Сл.весник на РСМ бр.122/21), член 5 и 34 од Законот за урбано зеленило9 (Сл.весник на РМ бр.11/18 и 42/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Сл. Гласник на општина Неготино бр. 3/2006, 2/2011, 9/2011 и 16/2012), Советот на општина Неготино на седницата оджана на ден 27.10. 2023 година ја донесе следнатаа

**П Р О Г Р А М А**

**за Зимско одржување на просторот на општина Неготино**

за 2023 година

**1. ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ**

1.1.Програмата за зимско одржување на територијата на општина Неготино е во склад со Годишната програма за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на просторот на општина Неготино за 2023година, дадените насоки за подготовка на буџетот на општина Неготино за 2023 година, со предвидените средства и извори на финансирање, се одредуваат активности и работни задачи на одржување на објектите и уредите од комуналната инфраструктура која се осигурува со извршување на комуналните дејности:

- Ј1 – Снабдување со вода за пиење
- Ј2 – Одведување и прочистување на отпадни води
- Ј4 – Јавна чистота
- Ј6 – Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќјот
- Ј7 – Одржување и користење на паркови и зеленило

Под Зимско одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќајот во општина Неготино се подразбираат повеќе мерки и работи кои се обавуваат во текот на целата година, вклучувајќи ги и сите објекти и инсталации се со цел да се одржи нивната проодност и техничка исправност на патиштата како редовно одржување, како и местимично подобрување на елементите од патот, да се осигура сигурноста и трајноста на патиштата и да се зголеми сигурноста на сообраќајот како вонредно одржување.

Работите од редовно одржување и заштита на локалните патишта и улици ги опфаќаат следните работни операции: чистење на асфалтна површина, кастрење на гранки, поправка и антикорозивна заштита на заштитна ограда, уредување и чистење на риголи и канали за одводнување,уредување на банкини-планирање и порамнување,поправка на локални патишта и улици на оштетена асфалтна површина-ударни дупки,мрежасти пукнатини,низдолжни и попречни денивелација како и итни поправки и интервенции со цел да се осигура безбедно одвивање на сообраќај и останати работи.

Зимско одржување на локалните патишта и улици се подразбира обавување на работи за одржување на нивна проодност и сигурност за одвивање на режимот на сообраќајот во зимски усклови согласно со посебните прописи од законот за јавни патишта(.матерјал за посипување,рачни и машинско чистење на снегот, крпење со ладна маса на ударни дупки, приправност и работа на ангажирани работници).Средствата за посипување што се упттребуваат против голомразица се камен матерјал (ризла) или хемиски средства за топење на мразот, кои заради своите физички својства, можат да ја снижат точката на смрзнување на водата и да извршат топење на мразот и снегот при температура помала од $O^0$ с.

Камените матерјали за посипување на коловозот се песок и ризла.Големината на зрната се избира према врстата на голомразицата.За коловозите прикриени со снег најдобра ефикасност се постигнува со нива големина од околу 8мм, а мразот се посипува со ризла со димензии на зрната од 0,06-2мм.Бидејќи вакви фракции не се произведуват во каменоломите најчесто се користифракција од 4-8мм.

Солта (Натриум хлорид) топењето го врши користејќи ја топлината од околината (воздух,коловоз, мразот,снегот).Топењето го врши споро и практично е ефикасен до

$-7^0$ С .Натриевиот хлорид се испорачува во вреќи најлон и истите треба да се остават во покриен простор поставени на гредици и покриени со фолија.

Односотна ризлата и солта е раличен што се користи најчесто, или 1:2и 1:1, до чисти камени матерјали, ако температурата е далеку под $-7^0$ С кога ефектите на натриев хлорид се миниални.

По налог на општина Неготино до правниот субјект кој е избран по пат на тендерска постапка се врши набавка и доставување на индустриска сол и ризла во соодветни количини на плацот и објектите на ЈП Комуналец на понатамошно чување и одржување.Според техничката спецификација изработена од општина Неготино за зимско одржување на територијата на општина Неготино од страна на операторот со кој е склучен Договор за одржување на на општинските патишта и улици потребо е да располага со следната механизација:

-утоваривач комбиниран со нож за чистење на снег,

-Камион кипер

- мини утоварач

- Трактор со приколка

- грејдер

-Булдужер

За овие возила за активирање во приправност се по писмен налог за работа од договорениот орган.

Активностите од вонредно одржување на локалните патишта и улици опфаќаат: местимични поправки на патната конструкција со цел да се заштити и зголеми носивоста на патот, подобрување на системот за одводнување на патот,замена , поправка, и уградување на нова вертикална сигнализација, санирање на мали лизгање на земја,ублажување на нагиб и останати работи на заштита на косина од ерозија како и санација на потпорни и обложни зидови,изведување на работни активности за уредување на земјиштето на раскрсници со хортикултурно уредување, поправка на поставени елементи за намалување на брзината на движење по улиците како и санација и заштита на бетонски површини.

Со Програмата се предвидува:

1.2. Организациона поставеност на учесниците

1.3. Приоритетна листа на јавни површина ,улици локални патишта за зимско одржување

1.4. Финансиските средства,

1.5. Временските рокови за извршување на работите ,

1.6. Динамиката и начинот на одржувањето на улиците

## 2. Организациона поставеност на учесниците

Преку организационата поставеност ќе бидат дефинирани работите и задолженијата на директните учесници вклучени во реализацијата во оваа Програма.

**2.1. Одделението за комунални работи и сообраќај при општина Неготино**

- ја изготвува Програмата,

- ја организира зимската служба

- врши стручен надзор во извршувањето на Програмата;

-преку средствата за јавно информирање, информира за обврските на зимските служби и обврските на учесниците.

**2.2. ЈП ,, Комуналец’’Неготино**

- ја реализира Програмата за функционирање на зимската служба;

- организира редовна приправност со потребна опрема: алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствената механизација за дејствување во зимски услови;

- ги подготвува возилата и машините и друга потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови,

- Општина Неготино набавува , а ЈП ,, Комуналец” обезбедува чување и складирање како и растурање на индустриска сол и песок и други материјали,

- со специјални машини, опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на голомразицата од коловозните површини,

- ја оспособува атмосферската канализација- шахти и сливници за прифаќање на вишокот од води при топење на снегот,

- води целосна документација за зимската служба ,

- доставува распоред на лица за приправност со податоци за работна рака и механизацијата секој месец однапред.

- покрај своите редовни активности врши расчистување на снег на пристапите до контејнерите и околу нив;

- ги расчистува пешачките зони и тротоарите во централното градско подрачје;

- го расчистува снегот од урбаната опрема поставена на јавни површина

- ги расчистува дрвјата од јавното зеленило при поголеми врнежи од снег како и врши сечење и отстранување на паднати дрвја и гранки од коловозите и тротоарите;

- го расчистува снегот од поважните стази во гробиштата;

-одговорните работници на дежурството вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти , ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани,

**ЈП ,,Комуналец“ – Неготино располага со следната механизација, опрема и работна сила:**

- Механизација и опрема:

1.Трактор со приколка.........................3 броја

2.Скип .................................................2 броја

3.Вум за растурање на сосл и ризла.2.броја

4. Булдужер ..................................... 1 број

- работна рака :

1.раководител.......................................1 работник

2.раководител на смена........................1 работник

3.работници за припрема на сол..........2 работника

4.возачи................................................5 работника

5.работници за опслужување...............5 работника

**2.3 Други учесници**

**2.3.1 Градежно претпријатије** ќе бидат ангажирано од општина Неготино по пат на тендерска постапка и склучување на договор со избраниот оператор кој потребно е да располага со следната механизација:

- булдозер ............ ..........................................1 број
- утоварувач комбиниран со даска (нож) ..........2 броја
- трактор со приколка....................................... 2 броја
- грејдер ............................................................1 број

По потреба ќе се ангажираат и други машини. Расчистувањето со оваа механизација ќе се врши според плановите – шемите за расчистување на сообраќајниците во градот и локалните патишта.

Целокупната документација за учество на градежната оператива ја води одделението за комунални работи и сообраќај при општина Неготино преку задолжените лица и тоа за присуство на механизацијата, времето на вклучување, реализираниот број на работни часови и квалитетот на извршените задачи.

**2.3.2 Македонија Пат – Неготино** со своја работна рака и механизација ги расчистува регионалните патишта кои се на територија на општина Неготино.

**2.3.3Дирекција за заштита и спасување -** при обилни врнежи на повик на дирекцијата се вклучуват и други правните субјекти со својата механизација:

**2.3.4**.Правни субјекти ќе се ангажираат по потреба за дополнително ангажирање на градежна механизаціа од Градба Промет со грејдер, булдужер 1 скип утоваривач како и градежна фирма Жак Транс од с.Долни Дисан со 1 багер и 1 кипер камион и утоваривач

**2.3.5 ОВР - Сообраќајна полиција** при одделението за безбедност, го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти за поефикасно оспособување на сообраќајниците.

**2.3.6 Претпријатијата, училиштата, заедниците и граѓаните** – сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории преземаат мерки за чистење на снегот и голомразицата пред своите објекти.

**2.3.7 Граѓаните односно сопствениците, станарите и закупувачите на станбените објекти** го чистат снегот и голомразицата од тротоарите – патеките и

приодните места пред своите станбени објекти. Исто така граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите , при што се води сметка за безбедноста на минувачите и сообраќајот. Исчистениот снег се собира пред зградата на начин што ќе обезбеди непречен сообраќај.

**2.3.8. Печатени и електронски медиуми** За сите активности кои ќе се превземат ке бидат благовремено информирани граѓаните и јавноста од општина Неготино преки електронските медиуми и печатени медиуми

### 3. Приоритетна листа на улици за зимско одржување

За нормално одвивање на сообраќајот на улиците во град Неготино во зимски услови при врнежи на снег и голомразица неопходно е зимско одржување.

Одржувањето се состои од машинско чистење на снегот од коловозот на улиците, прскање со сол и ризла, по отстранувањето на снегот и рачно чистење на делници со отварање на ленти за истек на водата во сливниците од атмосферската канализација.

Според важноста на улиците, интензитетот на сообраќајот и местоположбата на истите се поделени во 3 приоритетни групи на одржување.

**I Приоритет**

Во I –ва приоритетна група спаѓаат сите приодно-влезни улици во градот, централните улици со голем интензитет на сообраќајот и улици кои го поврзуваат административниот центар и тоа : Одделение за внатрешни работи, амбулантни установи, автобуската станица, детски градинки и училишта и пекари.

Тие улици претставуваат костур на главните улици во градот со можност за влез и излез на секое надворешно возило, пристап до административниот центар и интервенција на органот за регулирање на сообраќајот во градот и Општината.

Тоа се булеварите и улиците:

- ул. „Маршал Тито“

- ул.„Фемо Кулаков“

- ул.„Индустриска“

- ул.„Партизанска“

- ул.„Јане Сандански“

- ул.„Ацо Аџи Илов“

- ул.„Пекарев“

- ул.„Борис Кидрич“

- ул.„Киро Крстев“

- ул.„Ленинова“

-ул.„Гоце Делчев“

-ул„Даме Груев“

-ул.„Цандо Кожинков“

-ул.„Климентова“

Во првата приоритетна група на одржување спаѓаат и регионалните и локални патишта до населените места.

За одржување на локалните патишта и улици во населени места, каде ЈП ,,Комуналец“ не може да интервенира, одделението за, комунални работи и сообраќај при општина Неготино, ангажира некои од работните оперативи што имаат можност тоа да го реализираат.

**II Приоритет**

Во II-приоритет на улици за зимско одржување спаѓаат улицте кои ги поврзуваат сообраќајниците од првиот приоритет, сообраќајот во градот може несметано да се одвива во сите правци и во сите реони на градот, како и пристапните општински патишта со кои се поврзани сите приградски населби од општина Неготино.

**III Приоритет**

Во овој приоритет спаѓаат сите останати улици во градот по кои се одвива мошне слаб сообраќај и претставуваат кракови и џебови на улици од претходните два приоритета или пак сеуште не се асфалтирани или отворени па не е можна некоја поефикасна интервенција за одвивање на сообраќајот во зимски услови.

**3 Финансиски средства**

За одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на сообраќајот во 2023 година со оваа програма се планираат средства во вкупен износ 5.000.000,00 денари:

| **Активност** | | **Планирани средства 2023** |
|---|---|---|
| **Редовно одржување** | | |
| | | |
| Во летни услови | | **1.500.000,00** |
| Во зимски услови | | **2.500.000,00** |
| | | |
| **Вонредно одржување** | | |
| Стручен надзор | | **300.000,00** |
| Непредвидени активности | | **700.000,00** |
| **ВКУПНО:** | | **5.000.000,00** |

I. Приходи

За 2023одина, од Агенцијата за државни патишта планирани се средства во висина од 3.500.000,00денари и 1.500.000,ооденари од буџетот на општина Неготино

II. Расходи :

Средствата кои се предвидени со оваа пот програма ќе бидат наменети за :

| | | |
|---|---|---|
| **Ј6** | **Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај** | |

| | | |
|---|---|---|
| **1** | Крпење на ударни дупки и вградување на асфалт | |
| **2** | Зимско одржување на локални патишта и улици(набавка на сол,ризла,рачно и машинско расчистување на снег со посипување со сол и ризла и крпење на ударни дупки со ладна маса) | |
| **3** | Одбележување на хоризонтална сигнализација | |
| **4** | Одржување на вертикална сигнализација<br><br>и антикорозивна заштита метални профили | |
| **5** | Одржување на канафки и банкини на локални патишта | |
| **6** | Одржување на земјоделски и општински патишта и улици по барања и забелешки на гарѓани и непредвидени и вонредни активности | |
| **7** | Стручен надзор | |
| **Ј6** | **СЕ ВКУПНО** | **5.000.000,00** |

. **4. Динамика и ниво на одржување**

Оспособување на коловозите се врши во зависност од временските услови и тоа:

- Состојбата на присуство на голомразици или врнежи до 5 см ( прва состојба на готовност);

- Состојба на голомразица и снежни врнежи над 5 см (втора состојба на готовност)

Оспособувањето, (расчистувањето) на коловозните површини во првата состојба на готовност го врши ЈП,,Комуналец“, а во втората состојба на готовност ЈП,,Комуналец“ и други правни субјекти согласно договорните обврски.

Во првата состојба на готовност ЈП ,,Комуналец“ со својата ангажирана механизација, работна сила и абразивни средства, врши оспособување на коловозните површини за сообраќај и тоа првенствено на сообраќајниците од првата приоритетна листа. Градежната оператива ги расчистува сите улици со добиен налог од надлежни служби на општина Неготино како и го расчистува делот од околните патишта(локални патишта) до населените места од општина Неготино.

Во зимскиот период доколку паѓа снег ЈП Комуналец како изведувач, е должен рачно да го чисти снегот и мразот од улиците и тротоарите опишани во табелата:

| **р.б.** | **површина** | **опис** | **должина м’** | **ширина** | **Површина** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тротари на ул.Маршал Тито од една страна | од раскрсница со ул.„Б. Кидрич“ до автобуска станица „Памела“ | 1.720 | 3,5 | 6.020 |
| 2 | Ул.„Борис Кидрич“ | од раскрсница со ул.„М. Тито до раскрсница со ул.„В. Влаховиќ“ | 205 | 1,5 | 307 |
| 3 | Ул.„Вељко Влаховиќ“ | Од раскрсница со ул.„ Б.Кидрич “ до влез на здравствен дом | 35 | 1,5 | 52 |
| 4 | Ул.„Партизанска “ | Од центар до градски гробишта | 1000 | 1,5 | 1.500 |
| 5 | Ул.„Ставре Ставрев “ | Цела | 180 | 1,5 | 2.700 |
| 6 | Ул.„Ацо Аџи Илов“ | Од раскрсница со ул.„М. Тито“ до раскрсница со “Дисански мост “ | 350 | 2 | 700 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Ул.„Јане Сандански“ | | 195 | 2 | 390 |
| 8 | Ул.„Пекарев“ | | 115 | 2 | 230 |
| 9 | Ул.„Страшо Пинџур “ | | 95 | 12 | 1140 |
| 10 | Плоштад | | | | 5370 |

Во втората состојба на готовност ЈП ,,Комуналец“ заедно со градежните оперативи врши оспособување на коловозните површини од првата приоритетна група, а потоа продолжува со другите две приоритетни листи и тоа прво ќе се расчистат сообраќајниците од првата приоритетна листа до населените места, а потоа ќе се продолжи со улиците од втората и третата приоритетна листа

Во зимски услови при снежни врнежи сите сопственици, односно корисници на објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните објекти, што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

**5. Извршување на програмата и надзор**

Активностите за чистење на јавните површини, улиците и локалните патишта во зимски услови ги реализира ЈП ,,Комуналец“ – Неготино со кој со Договор се регулираат мегусебните обврски и цени на услуги и градежната оператива на фирмата избрана во постапка на јавна набавка, врз основа на Програмата за зимско одржување направена од Одделение за комунални работи и сообраќај при општина Неготино.За останатите правни субјекти се склучуваат мегусени договори со општината за регулирање на мегусебните обврски

Надзор врз извршувањето на оваа Програма врши градоначалникот на општина Неготино преку Одделението за комунални работи и сообраќај и Одделение за инспекциски работи при општина Неготино.

**Бр.08-741/4**
**27.10.2023 година**

СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
Претседавач
Пепица Ѓорѓиева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Оперативен план на дејствување во зимски услови на јавни претпријатија и установи основани од општината , трговски друштва и органи во општина Неготино**

Се објавува **Оперативен план на дејствување во зимски услови на јавни претпријатија и установи основани од општината , трговски друштва и органи во општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.10.2023** година.

**Бр.09- 788/2**
**30.10.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

# О П Е Р А Т И В Е Н  П Л А Н

## ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ НА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И УСТАНОВИ ОСНОВАНИ ОД ОПШТИНАТА, ТРГОВСКИ ДРУШТВА И ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО ЗА ПЕРИОДОТ

## 2023-2024Г.

| Ред. Бр. | Носител на активноста | Мерки и задачи за извршување | Рок на извршување | Извршител | Контрола на извршувањето |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | Општина Неготино | - изготвува – ажурира оперативен план на мерки и задачи за работа во зимски услови | 15 декември | Општина Неготино | Совет на општина Неготино<br><br>Дирекција за заштита и спасување |
| | | - изработува и доставува задолженија на трговски друштва,јавни претпријатија и установи за извршување на мерките и задачите за работа во зимски услови | Во зимски период | | |
| | | - врши проверка на планираните и преземените мерки и задачи за отстранување на последиците предизвикани од природни непогоди во зимскиот | 15 декември | Градоначалник<br><br>и општинска | Совет на општина |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | период | | администрација | Неготино |
| | | - Ги следи и координира активностите и акциите преземени за отстранување на последиците од природните непогоди | По потреба | Градоначалник<br><br>и општинска администрација | Дирекција за заштита и спасување |
| 2. | Градоначалник<br><br>во координација со комисијата за јавни набавки | - во постапка за јавна набавка избира најповолна понуда од економските оператори за зимско одржување на улиците и патиштата во општина Неготино<br><br>- прима и пренесува податоци на настани и појави од природни непогоди до ОШЦЗ, ЦУК. ,ДЗС и други субјекти во општината<br><br>- Пренесува наредби и задолженија до ОШЦЗ, ЦУК и ДЗС до трговските друштва, јавни претпријатија, јавни установи  и други организации | До крајот на месец октомври | Општинска администрација | ОШЗС и ПСЕ за заштита и спасување |
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Одделение за, комунални дејности и заштита на животна средина | - изготвување на оперативен план за зимско одржување на патиштата<br><br>- ги координира активностите на избраниот економски оператор за зимско одржување на улиците и патиштата | 15 ноември<br><br>По потреба | Одделение за, комунални дејности и заштита на животна средина | СШЗС инспектори |
| | | - подготвување на акти за регулирање на меѓусобните права и обврски со избраниот оператор за зимско одржување,соработка со Македонија пат , градежни друштва за употреба на механизацијата во зимски услови<br><br>- изготвување на оперативен план програма со конкретно дефинирање на обврските, материјалното и финансиско обезбедување , реони и правци на дејствување, одговорни лица за извршување на задачи, инспекција и слично | 15 ноември | Одделение за, комунални дејности и заштита на животна средина | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | КООП ИНЖЕНЕРИНГ<br><br>или друг правен субјект кој ке биде избран по пат на јавна набака | - врши проверка на исправноста на механизацијата што може да биде ангажирана во зимски услови<br><br>- обезбедува доволни количини индустриска сол и песок за посипување на улиците и тротоарите | 15 ноември | Управител | Општинска администра<br><br>ција |
| | ,<br><br>Градба промет,<br><br>ДООЕЛ,<br><br>АД. Венец Д. Дисан,<br><br>ЖАК ТРАНС<br><br>ДОО Д.ДИСАН | - одредува дежурни екипи за интервенции в о состав: раководител, машинист, механичар<br><br>-врши проверка на исправноста на механизацијата што може да биде ангажирана во отстранување на последиците и за превоз | 15 ноември | Управител | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | ЈП. Комуналец | - Изготвува сопствен оперативен план за превентивно и оперативно дејствување<br>- врши проверка на механизацијата и другите материјални средства што може да се ангажира во отстранување на последиците<br>- формира и оспособува оперативни групи за одржување на водоводната и канализациона мрежа<br>- обезбедува Работници и механизација за утовар, транспорт и посипување по јавни површини(на улици и тротоари) на индустриска сол и песок | 15 ноември | -Директор<br>-Раководители | |
| 6. | ЕВН Македонија КЕЦ Кавадарци<br>АД Телеком<br>Кабловски оператори | -Образуваат и оспособуваат оперативни групи за интервенции на теренот заради одржување на електро , телефонската и кабловска мрежа<br>- документирање на опремата и резервните делови | 15 ноември | ЕВН Македонија<br>АД Македонски телеком | ОШЗС<br>ПОЕ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | ДПЗ Дуброво<br><br>АД Венец<br><br>Агенција за унапредување на индивидуалното земјоделство | - навремено обезбедување на сточна храна особено во ридско – планинските подрачја<br><br>- Обезбедување на резервни количини сточна храна од страна на сите сточари за најмалку 20 дена<br><br>- навремено отстранување на снегот до складиштата за храна и хранливи продукти како и од објектите – кровните конструкции | По потреба | Трговски друштва | |
| 8. | Трговски друштва | - благовремено обезбедување на прехранбени и други артикли во продавниците на територијата на општина Неготино, особено во населбите кои можат да бидат отсечени од природна непогода | 15 ноември | Трговски друштва | ОШЗС и инспекција |
| 9. | Здравствен дом Неготино | - Остварува благовремени подготовки за непречено укажување на здравствена заштита и друга медицинска помош на населението во општина Неготино | 15 ноември | | |
| 10. | Ветеринарна станица | - Остварува благовремени подготовки за непречено укажување на ветеринарна заштита и друга | 15 ноември | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Неготино | ветеринарна помош на добитокот при неприродни непогоди | | | |
| 11. | Ловечко друштво Вардар | - изготвува оперативен план со превентивни мерки за заштита и спасување на полезниот дивеч во зимски услови во општина Неготино | 15 ноември | | |
| 12. | Локални медиуми и веб страна на општина Неготино | - сите настани, појави и повици благовремено ги пренесува преку јавните информативни средства за запознавање на населението | По потреба | | |
| 13. | Општинска организација Црвен Крст | - се грижи за обезбедување на храна, облека,постелнина и друго | 15 ноември | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 14. | Месно населе- -ние од градот и селски насел- би од општина Неготино | -отстранување на последици од природни непогоди во зимски услови | Зимски период | | Дирекција за заштита |
| | | | | | |

**Бр.08-741/5**
**27.10.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**П ретседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Неготино**

Се објавува **Листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.10.2023** година.

**Бр.09- 788/3**
**27.10.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 4,став 1,член 5 став 2 и член 8 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади и мостови и други инфраструктурни објекти (“Сл.весни на РМ бр.66/04, 55/07,145/10,136/11,163/13 и 147/15“), а во согласност со Правилникот за содржината, постапката и начинот на водење на електронска евиденција на имиња на улици, плоштади ,, мостови и други инфраструктурни објекти, броеви за нумерирање на објектите и за содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистер(Сл.весник на РМ“бр.152/07) и член 79 став 1 точка 50 ;од Статутот на општина Неготино (“Службен гласник на општина Неготино ”бр.3/06 .....3/22 ). Одделението за Комунални дејности и сообраќај до Советот на општина Неготино, по мислење добиено од преставници на месните заедници од 11 (единасет села) подесува предлози за именување на улици и утврдување на куќни броеви на 11 населени места во општина Неготино и деловни објекти за да утврди :

**Листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Неготино**

I. За имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Неготино го определуваат:

I) Улици

**1. с. Пепелиште**

1.Улица УБИ 1(улица без име) се протега од влезот на селото Пепелиште западно од пресекот со регионалниот пат КАВАДАРЦИ –Штип од к.п.бр2224/2продолжува по к.п.бр.2218/1 се до фабриката Зденка ДООЕЛ Неготино на исток до к.п.бр.2218/3 ,

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА како <u>улица 1 (еден)</u> и ги опфаќа куќните броеви редоследно од бр.1 до бр.100.**

**Улицата “ 1“ е во должина од 1,53км.**

2.Улица УБИ 2 се протега од пресекот со регионалниот пат Кавадарци –Штип од к.п.бр.1332/3 до пресекот со улица бр , “ 1 “ до к.п.бр.2218/1.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА како <u>улица 2 (два)</u> и ги опфаќа куќните броеви редоследно од број 1 до број 11.**

**Улицата со број “ 2 “ е во должина од 0,23км.**

3.Улица УБИ 3 се протега од пресекот со улица 1 од к.п…бр.2218/1, а завршува после лулашките исто така со улица “ 1 “ со кп.бр.2218/1.Улицата УБИ 3 има еден крак кој што поминува покрај училиштето и завршува во центарот на селото до к.п.бр.2218/1.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА како <u>улица 3 (три)</u> и ги опфаќа куќните броеви редоследно од број 1 до број23.**

**Улицата “ 3 “ е во должина од 0,53км.**

4.Улица УБИ 4 се протега од пресекот со улицата “ 1 “ со к.п.бр.2218/1, едниот крак се протега кон селските православни гробишта од к.п. бр.2225, другиот крак се протега кон патот за с.Војшанци со к.п.бр.2229/1.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА како <u>улица 4 (четири)</u> и ги опфаќа куќните броеви редоследно од бр.1 до бр.14.**

**Улицата “ 4 “ е во должина од 0.72км.**

5.Улица УБИ 5 се протега од пресекот со улица “ 3 “ кај основното училиште к.п. бр.1150 и се протега кон северниот дел на селото до к.п.бр.1176.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА како <u>улица 5 (пет)</u> и ги опфаќа куќните броеви редоследно од број 1 до број 18.**

**Улицата “ 5 “ е во должина од 0,45км.**

6.Улица УБИ 6 се протега од пресекот со улица УБИ1 кај лулашките к.п.бр.2218/1 и завршува кај муслиманските гробишта со к.п.бр.2216/2 на еднот крај и к.п.бр.1094 на другиот крај.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА како <u>улица 6 (шест)</u> и ги опфаќа куќните броеви редоследно од број 1 до број 23.**

**Улицата “6 “ е во должина од 0,75 км.**

7.Улица УБИ 7 се протега од пресекот со регионалниот пат Кавадарци – Штип к.п.бр.2221/3 и има два краци. Едниот крак се протега кон центарот на селото Пепелиште к.п. бр. 2218/1, а другиот крај се протега кон пресекот со улица “ 1 “ к.п. бр.2218/1.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА како <u>улица 7 (седум)</u> и ги опфаќа куќните броеви редоследно од број1 до број 18.**

**Улицата “ 7 “ е во должина од 0,4км.**

8. Улица УБИ 8 се протега од центарот на селото од к.п. бр.2218/1 до пресекот со регионалниот пат Кавадарци – Штип к.п.бр/2220/2.Има еден крак кој што се протега од средината на улицата УБИ8 кон прекинот со регионалниот пар Кавадарци – Штип кај к.п.бр.822/3.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА како улица 8 (осум) и ги опфаќа куќните броеви редоследно од број 1 до број 51.**

**Улицата "8 " е во должина од 0.7 км.**

9.Улица УБИ 9 се протега од прескот со улица УБ1од к.п.бр.2218/1 на две места и се протега до пресекот со регионалниот пат Кавадарци – Штип на к.п. бр.2199/1.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА како улица 9 (девет) и ги опфаќа куќните броеви редоследно од број 1 до број 40.**

**Улицата "9 " е во должина од 0,9км.**

10.Улица УБИ 10 се протега од муслиманските гробишта од к.п. бр.2216/2 до пресекот со регионалниот пат Кавадарци -Штип од к.п. бр.2218/1. УлицатаУБИ 10 има еден крак кој што се протега од средината на улицата УБИ10 од к.п. бр.1047 кон населбата "Стенковец" до к.п.бр.1043/1.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА како улица 10 (десет) и ги опфаќа куќните броеви редоследно од број 1 до број 22.**

**Улицата "10" е во должина од0,54 км.**

11.Улица УБИ 11 се протега од прекинот со улицата "1" од к.п. бр2218/1 до патот кон село Војшанци од едната страна со к.п. бр.2229/1 и од училиштето до муслиманските гробишта на к.п.бр.2217 од другата страна.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА како улица 11 (единасет)и ги опфаќа куќните броеви редоследно од бр.1 до бр.17.**

**Улица" 11" е во должина од 1.26км.**

## 2. с.Тремник

1.Улица УБИ 1(улица без име) се протега од к.п.бр.3880 до пресекот со регионалниот пат Скопје – Гевгелија, односно до к.п.бр.3278. Улица УБИ 1 има еден крак кој што се протега

од к.п.бр.3477 до к.п.бр.3527, втор крак кој што се протега од к.п.бр.3411 до к.п.бр.3422/1 и трет крак кој што се протега од к.п.бр.3662/1 до пресекот со регионалниот пат Скопје – Гевгелија односно кај к.п.бр.2053/7.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА како улица еден (еден) и ги опфаќа куќните броеви редоследно од бр.1 до бр.79.**

**Улица “ 1 “е во должина од 2.43км.**

2.Улица УБИ 2 се протега од к.п.бр.3662/1 до к.п.бр.3975. Улица УБИ 1 има еден крак од пресекот кај к.п.бр.3678 до пресекот со УБИ 4 кај к.п.бр.3755 и втор крак од пресекот кај к.п.бр.3936 до к.п.бр. 3895.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА како улица 2 (два)и ги опфаќа куќните броеви редоследно од бр. 1 до бр.44.**

**Улица “ 2 “ е во должина од 1.24км.**

3.Улица УБИ 3 се протега од к.п.бр.4001 до пресекот со улица УБИ 1 кај к.п.бр.3473. Улица УБИ 3 има еден крак кој што се протега од к.п.бр.3975 до к.п.бр.3918 и втор крак кој што се протега од к.п.бр.3523 до к.п.бр.3556/2.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА како улица 3 (три) ги опфаќа куќните броеви редоследно од бр.1 до бр.69.**

**Улица “ 3 “ е во должина од 1.22км.**

4.Улица УБИ 4 се протега од к.п.бр.3775 до к.п.бр.2041/2. Улица УБИ 4 има еден крак кој што се протега од к.п.бр.3775 до пресекот со улица УБИ 1 кај к.п.бр.3865, втор крак кој што се протега од к.п.бр.3775 до к.п.бр.3849, трет крак кој што се протега од к.п.бр.3645 до к.п.бр.3632 и четврт крак кој што се протега од к.п.бр.3645 до к.п.бр.3665/2.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА како улица 4 (четири)и ги опфаќа куќните броеви редоследно од бр.1 до бр.44.**

**Улица“ 4 “е во должина од 1.16км.**

5.Улица УБИ 5 се протега од пресекот со улица УБИ 1 од к.п.бр.3325 до пресекот со регионалниот пат Скопје – Гевгелија, односно до к.п.бр.3295. Улица УБИ 5 има еден крак кој што се протега од к.п.бр.3295 до к.п.бр.3350.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА како улица 5 (пет) и ги опфаќа куќните броеви редоследно од бр.1 до бр.23.**

**Улица “ 5 “ е во должина од 0.85км.**

6.Улица УБИ 6 се протега од пресекот со улица УБИ 1 и пресекот со регионалниот пат Скопје – Гевгелија од к.п.бр.3278 до к.п.бр.3110. Улица УБИ 6 има еден крак кој што се протега од к.п.бр.3229 до пресекот со улица УБИ 1 и регионалниот пат Скопје – Гевгелија кај к.п.бр.3278.

